Врз основа на член 26 и член 27 став 2 од Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство („Службен весник на РСМ“ бр.247/22 од 17.11.2022 година).

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 3/2023**
**За избор на член во Комисија за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство**

**1.Член на Комисија - 1 (еден) извршител**

**Посебни услови:**

- Судија на Врховен суд на Република Северна Македонија
- Судија на Апелациските судови

**Посебни работни компетенции**:

-Најмалку 10 години судиски стаж
(доказ за судискиот стаж)

Членовите на Комисијата имаат право на месечен надоместок во висина од 1/3 од просечната месечно исплатена нето-плата по вработен за претходниот месец на ниво на Република Северна Македонија.
Пријавата задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.
Рокот за поднесување на пријавата изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Кандидатите се должни пријавата да ја достават непосредно во приемното одделение на Судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје
(со назнака за Јавен оглас број - 3/2023)

Ненавремените, нецелосни пријави нема да се разгледуваат.
Изборот на кандидатите ќе се врши во рок определен во член 23 став 2 од Законот за работни односи.